РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-920/2
04-07-2025 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на членот 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19) и членот 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата, на 19-тата седница одржана на 02.06.2025 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**

Пријавата заведена под бр. 12-920/1 од 28.02.2025 година, поднесена против службеното лице ----, Началник за економски криминал во ---- при Министерството за ---- на Република Северна Македонија, **СЕ ОТФРЛА**.

ДКСК оцени дека согласно со Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за надлежно постапување.

Пријавата да се достави на надлежно постапување до Министерството за ---- на Република Северна Македонија, Оддел за ----.

Предметот со бр. 12-920/1 од 28.02.2025 година да се архивира.

Одлуката во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

До Државната комисија за спречување на корупцијата од страна на непознат подносител на ден 28.02.2025 година е поднесена пријава во која се наведува дека службеното лице ----, Началник за економски криминал во ---- несразмерно го зголемил својот имот во споредба со неговите редовни примања, дека изнудувал парини средства од лица на кои им поднесувал кривични пријави, дека добивал

парични приливи од странство и не ги пријавувал во платниот промет во земјата и не биле оданочени.

Државната комисија по увидот во пријавата констатира дека надлежност да постапува по истата има друг државен орган. Имено, согласно со член 70-б став 2 од Законот за внатрешни работи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 42/2014, 116/2014, 33/2015, 5/2016, 120/2016, 127/2016, 142/2016, 190/2016, 21/2018 и 135/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 108/2019, 275/2019, 110/2021 и 89/2022), работниците во Министерството се должни во рок од 30 дена да пријават зголемување на нивниот имот, односно на имотот на член на нивното семејство, како и промената на интереси, во постапка и под услови утврдени со закон, до надлежната организациска единица во Министерството, на образец што го пропишува Државната комисија за спречување на корупцијата согласно со закон. Согласно со Акцискиот план за имплементација на Антикорупциската програма за 2025 година Ев. Бр. 14-12/2 од 03.01.2025 година, Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди врши контрола на обврската за пријавување на имот/интереси од страна на вработените во Министерството.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија одлучи пријавата да се достави на надлежно постапување на Министерството за ---- на Република Северна Македонија, Оддел за ----.

**Заменик - претседател**

**м-р Билјана Каракашова Шулев**

Изработил: М-р В.З, Виш соработник
Контролирал: М-р К.З, Раководител на одделение
Согласен: М-р И.П, Раководител на сектор
Одобрил: С.С.М Член на ДКСК